# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **02. 09 .2015 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 9 – 2015 год.**

СЕПТЕМВРИ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 август 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за 2015 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 694/3** | **Совет на општина Македонски Брод**

**27.08.2015 година** | **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** | **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 август 2015 година,донесе

# О Д Л У К А

## за рефундирање на средства за досегашните корисници односно плаќачи на сметката за солидарен погреб

### Член 1

Со оваа Одлука се потврдува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод бр.02-440/3 од 13.07.2015 година со дополна за рефундирање на средства за солидарен погреб за досегашни корисници, со тоа што чл.1 се однесува на досегашните корисници за солидарен погреб кои не ја искористиле таа услуга да им се рефундираат средства односно да ја искористат таа погребална услуга во вреднсот од 5500 денари во момент кога ќе настане смрт во неговото потесно семејство.

### Член 2

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да ја применува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод бр.02-440/3 од 13.07.2015 година со измената образложена во чл.1 од оваа одлука, а како доказ да бидат регулираните сметките за солидарен погреб за три години наназад.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 694 /4**
**27.08.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на ОДЛУКА за рефундирање на средства за досегашните корисници односно плаќачи на сметката за солидарен погреб**

Се прогласува ОДЛУКАТА за рефундирање на средства за досегашните корисници односно плаќачи на сметката за солидарен погреб, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.08.2015 година.

**Бр.08- 694 /9**
**02.09.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 август 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за рефундирање на средства за одржување на гробно место (гробарина) за досегашни корисници**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод бр.02-440/2 од 13.07.2015 година со дополна на чл.1 за поврат на средства за досегашни корисници односно плаќачи на услугата а не биле корисници на гробно место во износ од 100 денари месечно или 1200 денари годишно со дополна на чл.3 дека пребивањето на средствата ќе се изврши во момент кога ќе настане потреба за искористување на гробно место.

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да ја применува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод бр.02-440/3 од 13.07.2015 година со измената образложена во чл.1 и во чл.3 од оваа одлука, а како доказ да бидат регулираните сметките за солидарен погреб за три години наназад..

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 694 /5**
**27.08. 2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за прогласување на ОДЛУКА за рефундирање на средства за одржување на гробно место (гробарина) за досегашни корисници**

Се прогласува ОДЛУКАТА за рефундирање на средства за одржување на гробно место (гробарина) за досегашни корисници, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.08.2015 година.

**Бр.08- 694 /9**
**02.09.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 6 став 1 а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ „Бр.79/09), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 27.08.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за

## утврдување и наплата на даноци

**Член 1**

Со прифаќа иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за утврдување и наплата на даноци.

**Член 2**

Видот на работите кои ќе бидат извршувани, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето за вршење на работите, како и условите за престанок на соработката и други прашања, ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Македонски Брод и Градоначалникот на Општина Крушево.

**Член 3**

По стапување на сила на оваа Одлука, истата да се достави до Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 дена по објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 694/6**
**27.08.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

## за прогласување на ОДЛУКА за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за утврдување и наплата на даноци

Се прогласува ОДЛУКАТА за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за утврдување и наплата на даноци, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.08.2015 година.

**Бр.08- 694 /9**
**02.09.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 98-а став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27 август 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУДГ„ 7-ми СЕПТЕМВРИ„ -МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2014/2015 ГОДИНА**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на ОЈУ-детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2014/2015 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 694/7** **Совет на општина Македонски Брод**

**27.08.2015 година** **Претседател,**

**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 18 - 697/1 од Петрески Стојче и Перса од Девич - Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 27.08.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за одобрување на на барањето поднесено од Петрески Стојче и Перса од Девич - Македонски Брод , за искористување на стара шасија од стар мост која не е во употреба за изградба на премин кон маалото во кое живеат за што ќе вложат и дополнителни сопствени средства.

2.Се овластуваат Петрески Стојче и Перса сами да ја подигнат шасијата.

3.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 694 / 8**
**27.08.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 9 од 02.09.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод ......................................................................…....................................стр.2

Одлука за рефундирање на средства за досегашните корисници односно плаќачи на сметката за солидарен погреб .............................................................................................стр.3

Заклучок за прогласување на Одлука за рефундирање на средства за досегашните корисници односно плаќачи на сметката за солидарен погреб .......................................стр.4

Одлуката за рефундирање на средства за одржување на гробно место (гробарина) за досегашни корисници ..........................................................................................................стр.5

Заклучок за прогласување на Одлуката за рефундирање на средства за одржување на гробно место (гробарина) за досегашни корисници ....................................................стр.6

Одлука за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за утврдување и наплата на даноци ..............................................................................................................стр.7

Заклучок за прогласување Одлука за прифаќање на иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Крушево во делот за утврдување и наплата на даноци ....................................стр.8

Заклучок за усвојување на извештајот за работа на ОЈУДГ „7-ми Септември„ Македонски Брод за 2014/15 година .......................................................................... стр.9

Заклучок по барање за с. Девич ......................................................................стр.10